Во издание на:

STAR - STAR

Поддржано од:

FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA
ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

OPEN SOCIETY FOUNDATIONS

Број 17

# И сексуалната работа е работа !



# ОД НАС ЗА НАС

## Списание направено од сексуалните работници за сексуалните работници

СТОП за насилството врз сексуалните работници

Декември 2011

## Збор на тимот

Драги наши подржувачи, колеги, соработници и активисти. Ова издание го посветуваме на **17-ТИ ДЕКЕМВРИ, МЕЃУНАРОДНИОТ ДЕН ЗА БОРБА ПРОТИВ НАСИЛСТВО ВРЗ СЕКСУАЛНИТЕ РАБОТНИЦИ**. Сите ние треба да знаеме колку е овој ден значаен за нас, зошто го одбележуваме и прославуваме. Нашето здружение СТАР, по повод овој ден, ќе организира марш со црвени чадори кои претставуваат симбол на заштита на сексуалните работници од насилство и дискриминација. Со овој марш сакаме да види и чуе јавноста дека постоиме, дека имаме и ние права кои треба да ни бидат почитувани, дека сме и ние дел од ова општество и треба да ги уживаме нашите човекови права подеднакво со останатите.

Нашата порака е јасна:

**И СЕКСУАЛНАТА РАБОТА Е РАБОТА! СТОП ЗА НАСИЛСТВОТО ВРЗ СЕКСУАЛНИТЕ РАБОТНИЦИ!**

На **17-ти Декември**, сабота, во **14:00** часот, ќе се собереме сите пред хотелот Бристол, во центарот на градот, каде што ќе поделиме црвени чадори, картички и оттука ќе започне нашиот марш. Вечерта ќе организираме и тематска прослава, која е насловена "Бурни дваесетти" (тоа е период кога почнал да се слуша гласот на жената и малцинствата, време кога жената се издигнува над мажот, станува самостојна, за прв пат жената облекува панталони, тоа е децениајта која носи многу промени). Ќе ги замолиме гостите кои ќе присуствуваат на забавата да го почитуваат симболичниот дрес код, а тоа се: бисери, пердуви, марами, чипки, траки и друго. На овој начин за момент ќе се навратиме во тоа време и ќе си приредиме една убава забава.

**Ајде сите на овој ден да излеземе во што поголем број, и да дадеме поддршка на сите сексуални работници во борбата против насилство!**







# 17-ТИ ДЕКЕМВРИ, МЕЃУНАРОДЕН ДЕН ЗА БОРБА ПРОТИВ НАСИЛСТВО ВРЗ СЕКСУАЛНИТЕ РАБОТНИЦИ



17-ти Декември е Интернационален ден за стоп на насилството врз сексуалните работници. Овој ден ги обедини сексуалните работници од целиот свет, заедно и здружени, гласно да говорат за ставот против дискриминацијата, и со своите делувања да ја подигнат свесноста кај пошироката популација која секојдневно пренесува насилство и агресија кон оваа маргинализирана група на луѓе. Сексуалните работници се соочуваат со закони кои не ја подржуваат нивната работа и кои придонесуваат за нивно дискриминирање, криминализирање и изолирање од социјалниот живот. Истите оневозможуваат сексуалните работници да го пријавуваат насилството кое секојдневно го трпат, заедно со своите најблиски. Светот не треба да затвора очи пред вистината дека овие луѓе ги губат човековите права. Сексуалните работници подеднакво треба да ги уживаат човековите права, како и да бидат причина повеќе за донесување на закони кои ќе ги заштитуваат и ќе овозможат нивно вклучување во социјалниот живот. 17-ти Декември за прв пат беше одбележан за да се обрне внимание на криминалните дејства кои што се вршат врз сексуалните работници низ целиот свет. Идејата за првичното одбележување на 17-ти Декември произлезе од д-р Ени Спринкл, со цел-поддршка на сексуалните работници од САД, како ден на кој се оддава почит на жртвите на убиецот од Грин Ривер во Сиетл, Вашингтон. Убиецот изјави: "Сакав да убијам колку што можев повеќе. Знаев дека никој нема веднаш да ги пријави за исчезнати, па дури можеби и никогаш нема да бидат пријавени. Собирав проститутки затоа што мислев дека можам да убијам колку што сакам од нив без да бидам фатен". Гери Лајон Ридвеј беше осуден на доживотна казна затвор и му беше изречена парична казна во висина од 10.000 долари за секоја убиена жртва на 18-ти Декември 2003 година. Доколку законските регулативи ја декриминализираат сексуалната работа, сексуалните работници ќе бидат заштитени од насилство, тортури, уцени и од убиства. Доколку се надминат дискриминирачките ставови, сексуалните работници ќе престанат да бидат злоупотребувани и силувани. 17-ти Декември ги обедини сите сексуални работници во целиот свет гласно да кажат стоп на насилството. Обединете се сите и излезете на овој ден да дадете поддршка на сите сексуални работници, и застанете против насилството врз нив!!!



# СИМБОЛИКАТА НА ЦРВЕНИОТ ЧАДОР

Црвениот чадор го симболира отпорот против насилството, против небесните и човековите напади. Тој ја симболизира заштитата на сексуалните работници од злоупотреба од страна на полицијата, макроата, клиентите, општеството. Црвената боја симболизира убавина. Црвениот чадор за прв пат беше искористен од страна на сексуални работници и нивни подржувачи во Венеција, Италија во 2001 година. Така наречениот прв светски конгрес на сексуални работници беше уметничка инсталација на словенскиот уметник Тадеј Погачар, ставен во рамките на 49-тото Венециско биенале, помеѓу 6-ти и 8-ми јуни во 2001 година. Организирани на јавен простор под шатор во "Павиљон на проститутките". На настанот учествуваа група на ученици и индивидуалци од Тајван, Тајланд, Виетнам, Италија, Камбоџа, Германија, САД и од Австралија. Тие ја презентираа ситуацијата на пазарот и дискутираа за стратегија во борбата за човекови права на сексуалните работници. Тие ја презентираа ситуацијата на пазарот и дискутираа за стратегија во борбата за човекови права на сексуалните работници. Беа организирани видео проекции, изложби, перформанси, уличен театар од активисти, и беа дистрибуирани печатени материјали. Една од активностите беше маршот на црвениот чадор. Сексуалните работници маршираа по улиците на Венеција и користеа мегафони и црвени чадори, со што укажуваа на лошите услови за работа и злоупотребата на човековите права со кои тие се соочуваат. Маршот започна пред шаторот на павиљонот движејќи се кон центарот на градот. Во 2005 година, Меѓународниот комитет за правата на сексуалните работници (МКПСР), го усвои црвениот чадор како симбол за отпор против дискриминацијата. Иницијативата беше поздравена од заедницата и од група





# Безбедност при работа!!!



*Ние сексуалните работници мора да внимаваме на нашата безбедност при работа.*
*Треба да знаеме како да реагираме во одредени ситуации и со одредени клиенти.*
*Бидејќи живееме во општество кое не ни нуди никаква сигурност и безбедност во нашата работа, препуштени сме сами на себе да одговараме за евентуалните несакани последици. Токму поради тоа, еве неколку совети кои би требало да ги практикуваме:*

1. **При работа користете удобна гардероба и обувки**
   (не носете премногу високи штикли, со цел да спречите непријатна ситуација)
2. **Споделувајте искуства и информации со другите сексуални работници за стари или нови клиенти**
3. **Запишувајте ги регистарските таблички од возилата на клиентите**
4. **Не носете накит и марами (од причина некој да не проба да ве повреди со нив)**
5. **При работа, чувајте ги парите на безбедно место**
6. **Не се одалечувате од местото каде што работите и каде се чувствувате безбедни**
7. **Не користете алкохол и дрога**
8. **Избегнувајте клиенти кои се под дејство на алкохол и дрога**
9. **Користете кондоми**
10. **Не давајте лични податоци без полицијата да ја покаже својата идентификација**
11. **Направете листа на добри и лоши клиенти**
12. **Кога работите во хотел, не ги давајте вашите лични податоци за да си го заштитите идентитетот**
13. **Пријавувајте насилство**

# Во сеќавање на жртвите, сексуалните работнички на убиецот од Грин Ривер



**"Насилство врз сексуалните работнички е исто што и насилство врз секоја жена. Жените се нечии сопруги, мајки, сестри, ќерки. Дали оправдуваме напади и насилства врз нив, врз нашите жени, мајки, сестри, ќерки? Секако дека не. Професиите не треба да ја втурнат жената во сенка. Правата на сите оние жени или мажи кои одбрале да работат како професионални сексуални работници, кои се впуштаат во оваа работа со голема сексуална желба, кои применуваат самодетерминирање на сопствените тела, срца и мисли треба да бидат заштитени и почитувани."**

*-Талесин, поет, автор и со повремена работа во порно индустријата.*

**"Убиството врз сексуалните работнички претставува злосторство и навреда за сите жени, не само за сексуалните работнички. И ставот дека е оправдано да повредиш, силуваш или да убиеш личност која работи сексуална работа е ист како ставот дека е оправдано да повредиш, силуваш или да убиеш било која жена за која мислиш дека ја поминала црвената линија. Време е сите жени од сите професии и оние со различни убедувања и сфаќања, да застанат заедно за декриминализација на сексуалната работа. Само тогаш животот би бил побезбеден и понормален за сите девојки и жени."**

*-Вероника Монет, поранешна сексуална работничка, моментално работи како секс едукатор и сексуална работничка до крајот на животот.*

**"Многу жалам за загубата на овие убави и скапоцени жени. Се надевам дека нивната смрт ќе ни помогне да ги спасиме животите на другите жени и ќе ни го сврти вниманието кон опасното лицемерие кое го одгледуваме во нашата култура, а тоа е непочитувањето на вредноста на жените. Проститутките, сексуалните работници, оние кои работат во порно индустријата и ескордите, сите тие се човечки суштества. Ако општеството бара од нив да живеат во тајност и срам, и ако нивната работа се смета за кривично дело, тие ќе бидат гледани како помалку вредни и сето ова ќе резултира со наметнување и проширување на насилство и омразата врз нив. Убиствата од Грин Ривер е само тажен исход од оваа вистина. Никој не заслужува ваква бруталност."**

*-Џулијана Пикило, режисер.*



# Манифест на сексуални работници во Европа

Живееме во општество во кое се купуваат и продаваат различни услуги. Сексуалната работа е една од тие услуги. Таа не треба да се криминализира. Жртвувањето на сексуални работници од религиозни или морални причини е неприфатливо. Сите луѓе имаат право на лични морални вредности, но моралните вредности не смеат да се наложуваат на никој, ниту пак истите да влијаат врз политичките одлуки.

**Право на слобода од дискриминација**

Оцрнувањето на сексуалните работници поттикнува дискриминација и омраза. Бараме сексуалните работници да бидат заштитени со законите против дискриминација.

**Право на нашите тела**

Си го бараме нашето право како човечки суштества на користење на нашите тела на начини на кои нема да не повредат; вклучувајќи го и правото на доброволни сексуални односи, независно од полот или етничката припадност на нашите партнери, независно од тоа дали плаќаат или не.

**Злоупотреба на сексуалната работа**

Злоупотребите постојат во сексуалната работа но не ја дефинираат. Давањето права на сексуалните работници би им дозволило да ги пријавуваат прекршувањата на нивните човекови права.
Го бараме правото да можеме да ги пријавуваме злоставувањата против нас, без притоа да сме цел на одмазда.
Бараме заштита од оние кои ни се заканува ат нам и на нашите семејства и нивно разоткривање

**Приватност и семејство**

Ние сме способни човечки суштества кои можат да сакаат и да се грижат за дриугите луѓ – како и секој друг. Нашето обележување од социјалните служби и судови како несоодветни родители и одземањето на нашите деца затоа што даваме сексуални услуги е неправедно и неприфатливо. Таквата стигматизација не ни дозволува да побараме помош и поддршка во родителствувањето доколку ни треба , или доколку доколку сме во злоупотребувачки врски, бидејќи се плашиме да не ги изгубиме нашите деца. Бараме крај на ваквата дискриминација

**Борба против насилство врз сексуалните работници**

Сексуалните работници подлежат на големо насилство и криминал.
Стигматизацијата на сексуалните работници не однесе кон општество и јавни власти кои го одобруваат ова насилство и криминалот против сексуалните работници , затоа што се смета како природно за тој тип на работа.Бараме нашите власти јавно да ги осудат оние кои се насилни против нас.

### Здравје и благосостојба

Никој , а најмалку сексуалните работници , не може да одрече дека постојат здравствени ризици поврзани со сексуалната работа , но сепак , мит е дека сме “валкани” и “нечисти”.
Всушност ние знаеме многу повеќе за сексуалното здравје и практикувањето безбеден секс одошто јавноста и делуваме како сексуални здравствени едукатори за нашите клиенти.

### Даноци и социјална помош

Бараме пристап до социјално осигурување со кое ќе имаме право на заштита при невработеност или боледување , пензии и здравствена грижа.
Сексуалните работници би требало да плаќаат данок како и сите други вработени и независни работници , но би требало да ги користат и истите поволности.

### Здравје и безбедност на работното место

Бараме нашите влади сериозно да го сватат нашето здравје и безбедност и да промовираат безбедни работни средини во кои насилството и злоупотребата нема да се толерираат. Со цел да го одржиме нашето здравје бараме достапни средства за заштита и пристап до здравствена грижа.

### Декриминализација на сексуалната работа

Продавањето на сексуални услуги и бидувањето сексуален работник е често поистоветено со криминал , дури и без да постои накаков прекршок од наша страна.
Бараме крај на законите кои не криминализираат нас и оние со кои работиме, нашите клиенти и нашите семејства.
Со цел да ја направиме сексуалната работа безбедна професија , бараме да се воведат закони против измамите, присилбите , детско сексуално злоупотребување, насилствата , силувањата и убиствата во сексуалната индустрија.

***Манифестот претставува заедничка визија на сексуалните работници за еднакво и праведно општество.***



# Декларација на сексуалните работници во Европа

Оваа декларација е изготвена од сексуални работници и организации посветени на промовирање на нивните човекови права и благосостојба. Декларацијата ги наведува правата кои сите граѓани на Европа, вклучувајќи ги и сексуалните работници, ги имаат согласно меѓународниот закон за човекови права; Декларацијата ги опишува мерките и праксите кои потписниците на Декларацијата веруваат дека се потребни за осигурување на минимална почит и заштита на овие права. Овие права мораат да се почитуваат и штитат во развојот и воведувањето на политиките и програмите креирани за справување со трговијата со луѓе, нередовна миграција и тероризам.




## Декларацијата

Сите поединци во Европа, вклучувајќи ги и сексуалните работници, имаат право на следниве права согласно меѓународното право за заштита на човековите права. Сите европски влади се одговорни да ги почитуваат, штитат и реализираат:

1. **Право на живот, слобода и сигурност на личноста.**
2. **Забраната за произволно мешање во приватниот и семејниот живот, домот или преписките и од напади врз честа и угледот на личноста.**
3. **Правата на највисоки стандарди на физичко и ментално здравје.**
4. **Правото  на слобода на движење и живеалиште.**
5. **Забрана на ропство, принудна работа и слугување.**
6. **Правото на еднаква заштита пред законот и заштита од дискриминација и секаков поттик на дискриминација врз основа на разлика во расата, полот, националната или општествената припадност, сексуалната ориентација итн.**

7. Правото на стапување во брак и формирање на семејство.
8. Правото на работа, на слободен избор на работно место и на праведни и поволни услови за работа
9. Правото на мирни собири и здружувања
10. Правото на напуштање на секоја земја, вклучувајќи ја и сопствената, и на враќање во неа.
11. Правото на азил.
12. Правото во учество во јавниот и културен живот на општеството.

## Историја на Декларацијата на правата на сексуалните работници во Европа

Една група на сексуални работници и нивните пријатели се собраа во Холандија во 2002 година, со цел да организираат конференција на која сексуалните работници ќе добијат простор да се изјаснат за своите проблеми. Оваа мала група објави повик до сексуалните работници низ Европа и до сите застапници на правата на сексуалните работници со молба да им се придружат. Се оформи Организациски Комитет. Поголемиот дел од тие членови беа сексуални работници. Како правно тело, Меѓународниот комитет за правата на сексуалните работници во Европа, беше создаден со цел да се соберат фондови и да се организира конференцијата. Комитетот одлучи дека со конференцијата сака не само да им даде можност на сексуалните работници да се искажат, туку и да создаде алатки кои сексуалните работници ќе можат да ги користат во одбрана на своите права низ Европа и да воспостави сојузништво со организациите за човекови права, работни права и за мигранти.

**Оваа декларација беше изготвена и прифатена од 120 сексуални работници и 80 сојузници од 30 земји на европската конференција за сексуална работа, човекови права, труд и миграција на 16 Октомври 2005 година и презентирана на третиот дел од конференцијата, водена од Моника Фресони, италијански член на европскиот парламент, зелени – европска слободна алијанса во европскиот парламент, на 17 Октомври 2005 година каде беше усвоена и потпишана од Виторио Ањолето, италијански член на европскиот парламент, конфедерална група на европските обединети левичари – нордиските зелени левичари.**



## Како се одбележува 17-ти Декември, Меѓународниот ден против насилство врз сексуалните работници низ светот












